


















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ПРОДОЛЖУВА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДИ НА СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ

Општина Карпош интензивно продолжува со изведување работи во сверата на инфраструктурата. Еден од најголемите проекти е реконстуркција на фасадите на старите згради. Така, денеска градоначалникот на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски, пред зградата на улицата „Рузвелтова" и булевар „Илинден", го најави продолжувањето на проектот за обнова на фасадите на станбени објекти на територија на Општина Карпош.

-Локалната самоуправа продолжува со реконструкција на фасадите кои иститие ќе бидат енергетски ефикасни. Целокупната инвестиција е од буџетот на локалната самоуправа и изнесува околу седум милиони денари – рече Јакимовски и додаде дека овој период од годината кој изобилува со поволни временски услови (нема екстремно ниски температури ниту високи кои би ги попречиле градежните работи) , е најдобар за изработка на инфраструктурни работи, односно обнова на стара фасада на колективни станбени објекти.
Фирмата „Елинг ДОО-Скопје" се очекува дека ќе ја заврши фасадата за 20 дена. Општината продолжува со обновата на надворешниот изглед на старите руинирани згради во наредниот период.



# ФУДБАЛСКИ КУП ЗА ДЕНОВИ НА ОПШТИНА

По повод, Денот на Општината, понеделникот (19.10) официјално започна фудбалскиот куп помеѓу десетте основни училишта на територија на Општина Карпош. Квалификационите натпреварите ќе го означат стартот на најдобрите училишни екипи кои ќе продолжат да се натпреваруваат во осминафиналето,четвртфиналето, полуфиналето и финалето.
Фудбалските натпревари се играат во спортскиот центар „Форца“, а финалето меѓу најдобрите училишни екипи, ќе се одигра на 2 ноември во спортската сала во гимназијата „Никола Карев“.
На квалификациони натпревари, резултатите се следни:

ООУ „Петар Поп Арсов“ и ООУ „Лазо Трповски“ – 0:0 (пенали – 2:1)

ООУ „Димо Хаџи Димов“ и ООУ „Аврам Писевски“ – 0:1

ООУ „Јан Амос Коменски“ и ООУ „Владо Тасевски“ – 0:1

ООУ „Вера Циривири Трена“ и ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ – 2:0

ООУ „Братство“ и ООУ Војдан Чернодрински“ – 5:0



# ПЕТТИ ПЕНЗИОНЕРСКИ ИГРИ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

По повод Денот на Општината 3 Ноември, по петти пат се одржаа традиционалните Пензионерски спортски игри.

Граѓаните на Карпош од третото доба, од пензионерските друштва, Тафталиџе и Карпош, си ги одмерија силите во пет дисциплини и тоа: пикадо (мажи и жени), скок во далечина (мажи), фрлање ѓуле (мажи и жени), трчање 60 метри (жени) и трчање 80 метри (мажи) како и влечење јаже (мажи и жени).

На годинешните Пензионерски спортски игри по повод Денот на Општина Карпош постигнати се следните реаултати:

Во дисциплината пикадо за мажи прво место освои Богдан Стојковски од ПД Карпош, второто место му припадна на Борче Здравковски од ПД Тафталиџе и третото Бранко Милев од ПД Тафталиџе.

Во пикадо за жени првите три места ги освоија Верче Смилковска - прво, Ратка Илиевска, второ, а третото место и припадна на Јулијана Зикова, сите три членки на ПД Тафталиџе.

Во дисциплината фрлање ѓуле за мажи трофеите ги понесоа: запрво место - Павле Трајковски, второто Иван Кралкевски и третото за Александар Алексовски сите членови на ПД Тафталиџе.

Во фрлање ѓуле за жени, првото место го избори Цвета Ивановска, од ПД Карпош, второто на Лепосава Митковска од ПД Тафталиџе, а Борка Стојковска од ПД Тафталиџе го освои третото место.

Во дисциплината „скок од далечина“ победничките места им припаднаа на Иван Кралевски од ПД Тафталиџе, прво, Мирко Михајловски од ПД Карпош – второ и третото на Аце Стојановски од ПД Карпош.



Во дисциплината трчање на 80 метри за мажи победник е Павле Трајковски од ПД Тафталиџе, второ место освои Митко Михајловски од ПД Карпош и третото Аце Стефановски од ПД Карпош.

Во трчање на 60 метри за жени победнички се: Пандора Тодоровска од ПД Тафталиџе, Весна Ивановска од ПД Карпош и Јорданка Јордановска од ПД Карпош кои редоследно освоија прво, второ и трето место.

Во последната дисциплина влечење на јаже во женска и во машка конкуренција, победници се членовите на ПД Карпош.

За најдобрите спортисти, раководителот на спорт и култура при локалната самоуправа, Патрик Поповски им ги додели пехарите за успешно завршени спортски натпревари.




За Карпош
го сакам!



# ЕДУКАЦИЈА НА ФИРМИТЕ ОД КАРПОШ ЗА ХИГИЕНСКИ ИНЖЕНЕРИНГ

Општина Карпош како долгогодишна членка на Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн (EHEDG), во соработка со регионалната секција на оваа светска организација за Република Македонија, во вторникот (20.10) ја одржа втората информативна средба. Истата беше наменета за фирмите на територија на Општина Карпош чија дејност е прехранбената индустрија. Професор др. Владимир Какуринов, пред присутните ги истакна придобивките од соработката со EHEDG со Општина Карпош како нејзина инситуционална членка.

Така, свое излагање имаше и Александра Јегени – менаџер на „Ванила Фуд“, која во името на својата фирма посочи како практично и на терен се подобруваат условите во кујните во работата на еден оператор за храна. На тој начин, се следат и светските трендови преку учество на семинари и публикации организирани од оваа организација.

На првата инфо средба учествуваа претставници од општините на територија на Град Скопје. Меѓу присутните беа: „Нестле Адриатик“ – претставништво во Република Македонија, Фурна Диме, „Компанија Поповски“ и други домашни компании со кои соработува Општина Карпош и од кои очекува високи резултати во имплементација на хигиенскиот инженеринг.






# ОПШТИНА КАРПОШ ДОБИ НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА

Општина Карпош доби уште една нова предучилишна установа, во која ќе бидат згрижени повеќе од 60-на деца. Станува збор за прва приватна детска градинка во рамки на колеџот „Јахја Кемал“ во Скопје каде таа во вторникот (20.10) официјално беше пуштена во употреба . Почетната инвестиција е околу 700 илјади евра, а планирана е и дополнителна инвестиција од околу 800 илјади евра. На свеченото отворање присуствуваше Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски како и претставници од колеџот „Јахја Кемал“.

-Во општина Карпош, каде се наоѓа и оваа градинка, во соработка со општината,градоначалникот и претседателот на Советот, започнавме неколку инвестиции. Како Министерство започнавме со целосно реновирање на градинката „Пролет“ во Козле, исто така планираме во 2016 да инвестираме во објект кој ни го даде на користење општината за отворање нова детска градинка – рече Спасов и додаде дека ова е 26-та приватна детска градинка која се отвора во изминатите неколку години и која влијае на отворање на дополнителни 1.550 места за згрижување деца од предучилишна возраст, рече Спасов.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски истакна дека како локална самоуправа заедно со Министерстовто за транспорт и врски планира да ја заврши реконструкцијата на градинката „Пролет“ во Козле. Тој изјави дека Општината аплицирала за грант за средства од Светска банка преку Министерството за финансии, кој веќе е одобрен, по што се очекува во 2016 година да започне со изградба на детска градинка во населеното место Бардовци.

-Со средства на општината ќе се реконструираат градинките „Мајски цвет“ во Тафталиџе 2 а со грантот од Светска банка ќе се гради градинка во Бардовци. Исто така дел во ООУ „Вера Циривири Трена“ ќе биде пренаменет за приватна детска градинка. Останува да биде реконструирана уште градинката во Карпош 4. Сметам дека на ваков начин мрежата на детска заштита и основно образование ќе биде извонредно покриена на територија на општина Карпош. Со ова практично сите градинки на територија на Општината ќе бидат како нови – заврши Јакимовски.



# ЗЛАТОТО ВО РУСИЈА И ВО ГРУЗИЈА – СРЕБРЕН МЕДАЛ ЗА МАКЕДОНИЈА

Новиот европски клупски првак во шах во машка конкуренција е ШК „Сиберија“ од Русија, а во женска конкуренција шаховскиот клуб „Нона“ од Грузија. Шаховскиот клуб во женска конкуренција од Карпош „Гамбит Асеко СЕЕ“ успеа да ја одбрани честа на домаќинот и покровителот на ова Европско клупско шаховско првенство и да го освои второто место и сребрениот медал. Во саботата (24.10) на свечената церемонија по повод завршувањето на Европскиот шампионат во шах за клубови беа врачени медалите на најдобрите играчи на табла и трите најдоби шаховски клубови во женска и машка конкуренција.

Второто место или сребрениот медал во машка конкуренција го освои шаховскиот клуб „Сокар“ од Азербејџан, а бронзениот „Медни Всадник“ од Русија.

Бронзенит медал во женска конкуренција на шаховски клубови отиде кај „Угра“ од Русија.

Победниците на овој европски шампионат „Сиберија“ од Русија кај шахистите и „Нона“ од Грузија кај шахистките ги добија и победничките пехари од организаторот – Општина Карпош, и преодните пехари од Европската шаховска Федерација, кои им ги врачија градоначалникот Стевчо Јакимовски и претседателот на Европската шаховска федерација Зураб Ајзмапарашвили. Освен најдобрите клубови со медали се стекнаа и најдобрите шахисти поединци по табли и тоа во машка конкуренција, на табла број 6 Ју Јангји, на табла број 5 Алексеј Александров, на табла број 4 - Адамс Мичел, на табла број 3 - Евгениј Најер, на табла број 2 - Сегеј Карјакин и на табла број 1 - Владимир Крамник.



Во женска конкуренција на табла број 4 медал зеде - Нино Бацвијашвили, на табла број 3 - Шен Јанг, на табла број 2 - Александра Костењук и на табла број 1 - Антоанета Стефанова.
Во името на Европската шаховска федерација за успешно завршениот турнир се заблагодари претседателот Зураб Ајзмапарашвили, кој го пофали организаторот Општина Карпош, а посебно шаховскиот клуб од Карпош „Гамбит Асеко СЕЕ“ кој сите изминати седум дена максимално се вложи во техничката организација на ова европско првенство и кои стори сé тоа да мине во најдобар ред. Претседателот Зураб Ајзмапарашвили ги најави и идните европски првенства во шах за поединци, во машка конкуренција на Косово во текот на мај, а потоа и во женска конкуренција во Мамаја - Романија.
Европското клупско шаховско првенство го прогласи за затворено покровителот на оваа импозантна шаховска манифестација, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, кој им се збалагодари за довербата на Европската шаховска федерација, на Македонската шаховска федерација и на Агенцијата за млади и спорт, но најмногу на врвните шахисти учесници на шампионатот кои во изминатите седум дена ја збогатија македонската спортска сцена.
-Македонските граѓани со голем интерес и респект го следеа ова шаховско натпреварување и се надевам дека и во иднина ќе имаме уште вакви настани од висок ранг. Ве повикувам веќе за пет месеци, повторно да дојдете кај нас на големиот шаховски турнир „Карпош Опен“ кој е еден од 10 најдобри турнири во Европа, рече на крајот Јакимовски.




